Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис, ____

# ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-48**
**Датум: 31.05.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение - Хедикеп Плус-Група за поддршка на хендикепирани лица - Крива Паланка (**во натамошниот текст: Здружение)** |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Македонска“ бр. 9, Крива Паланка |
| Адреса за е-пошта | handicapplus@yahoo.com |
| Телефон | 078 420-228 |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка | |
| Банка депонент | НЛБ, Скопје |
| Субјект на надзорот: | |

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| , претседател | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 27.05.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 30.05.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК)** | | | |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | / | | | |

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Налог од раководителот на СУИН на МК, ИП 1 бр. 57-48 од 23.05.2022 г., а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК, бр. 21-3139/1 од 16.03.2022 година и е предвиден со месечниот план за работа на СУИН на МК за месец мај бр. 57-49/6 од 05.05.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: [redacted], виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 120.000 денари (од вкупно доделените 178.500 денари), согласно со Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на музичка и музичко-сценска дејност за 2021 година, како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не присуствуваше субјектот на надзорот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] претседател | [redacted] | [redacted] |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, Здружението беше преставувано од лицето Александар Ристовски, врз основа на овластување од претседателот на Здружението.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |
| присутно лице | | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 20-1258 од 12.11.2020 г. на годишниот конкурс за учество во финансирање проекти од областа на фолклорната, музичката и музичко-сценската дејност за 2021 г., со Решение на министерот за култура УП1 бр. 20-1258/2020 од 03.02.2021 г., прифатен е проектот „Предизвик за еднаквост“ на Здружението, а за финансирање на проектот доделени се средства во износ од 178.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 20-5598/1 од 05.05.2021 г., за учество во финансирање проект „Предизвик за еднаквост“ од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2021 година, со кој што се одобрени 178.500 денари и тоа за следните намени:

-хонорари за автори на музика, 40.000 денари,

-хонорари за автори на текст, 10.000 денари

-хонорар за автори на аранжман, 15.000 денари

-хонорар за студиски продуцент, 10.000 денари

-хонорар за студиски термини, 6.000 денари

-хонорар за главни изведувачи, 30.000 денари

- дизајн и печатење на покани, 10.000 денари

- костимографија и сценографија, 20.000 денари

- продукциски и организациски трошоци 37.500 денари

На 19.05.2021 г., Здружението доставило Барање за исплата на финансиски средства, заведено во МК под бр. 20-6720/1, со Изјава за наменско користење на одобрените средства, како и образец за оперативен и финансиски план за користење на буџетските средства за реализација на проектот.

Притоа, во доставениот Оперативен и финансиски план предвидено е проектот да се реализира во период од 05.05.-31.05.2021 г., во Порта Македонија (за што на увид е презентиран Допис бр. 08-595/1 од 12.11.2020 г., од НУ-Музеј на Македонската Борба-Скопје со кој се одобрува користење на просторот во објектот Порта Македонија, за потрбите на Здружението за реализација на Проектот), а одобрените средства за проектот од вкупно 178.500 денари да бидат потрошени за намените согласно со Договорот.

Но, заради состојбата со Ковид 19 и почитувањето на протоколите за одржување на настани во затворен простор, настанот, односно промоцијата на видео спотот е одржана на 10 - ти дкември 2021 година, за што со Допис е известено МК.

- Врз основа на Решение за преведување на средства бр. 20-5598/2 од 25.05.2021 г., на раководителот на Сектор за дејности од областа на културата и уметноста на МК на 04.06.2021 г., на жиро сметката на Здружението, авансно се преведени средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од 120.000 денари.

- На 03.02.2022 година, Здружението на соодветен образец, доставило наративен и финасиски Извештај за реализација на проектот заведен под бр. 21-1199/1, за начинот на трошење на преведените средства со пропратна документација во прилог, согласно со обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 9 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот.

Според доставениот Извештај како и според презентираната документација при надзорот, утврдено е дека средствата во износ од 118.500 денари се потрошени согласно со намените наведени во Договорот и во оперативниот и финасиски план за користење на буџетските средства и тоа за исплата на хонорари на лицето од Скопје, по склучени авторски договори за музика, текст, аранжман, аудио продукција, студиски термини и изработка и снимање на видео спот за песната „Еден без друг не можеме“ како и за персонален данок.

За исплатените средства, корисникот презентираше Банковен извод бр. 2 од 10.06.2021 година издаден од НЛБ.

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Инаку, согласно со доставениот Извештај и презентираната документација, во однос на реализацијата на Проектот, Здружението има и обврска во вкупен износ од 60.000 денари по склучени договори со лицата [redacted] за костимографија, [redacted] за дизајн и печатење на благодарници (покани), [redacted] за музичка изведба.

Додека, МК согласно со Договорот има неисплатена обврска во износ од 60.000 денари.

Според изјавата на присутното лице, неисплатените обврски по однос на склучените договори за реализација на проектот на гореневедените учесници во Проектот ќе им бидат исплатени, по преведување на преостанатиот дел во износ од 60.000 денари од страна на МК, што е обврска од Договорот.

Како доказ дека проектот е реализиран на увид при инспекцискиот надзор Здружението презентираше ЦД запис со фотографии од одржаниот настан и видео запис од снимениот спот.

- При надзорот е утврдено дека проектот„Предизвик за еднаквост" **е реализиран од страна на Здружението**, а преведените средства во износ од 120.000 денари се потрошени наменски согласно со член 68 став (1) ос ЗК како и оперативниот и финансиски план за реализација на проектот. Притоа, корисникот го реализирал проектот заклучно со 31.12.2021 година, додека, согласно со член 7 став (1) од Договорот, министерството за култура има обврска целосно да го исплати преостанатиот дел од одобрените средства во износ од 60.000 денари.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**
**-не се констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзорот, односно Здружението.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот, од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, од страна на инспекторот ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11)Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

13) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: ______________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на субјектот на надзор, | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>виш инспектор | |
| Датум: | 11.06.2022 г. | Датум: | 31.05.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk